Стопанска интересна заедница на оператори
на кабелска мрежа МК НЕТ
Бр. 0306/298
27.05 2016 год
СКОПЈЕ

# СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ОПЕРАТОРИ НА КАБЕЛСКА МРЕЖА МК НЕТ-Скопје

ул.Народен фронт бр.19-а ТЦ Беверли Хилс кат 1 локал 1 Скопје

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 27.05.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 01 | 2986 | 1 | |

Во акта - Арх. знак
Рок на чување год.
20 г. Потпис
Скопје

**До Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје, Република Македонија**

**ПРЕДМЕТ : Мислење по Нацрт-Правилник за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорацат својот сигнал**

**ОД : Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје застапувана од управителот Дејан Јорданов**

Почитувани,

Ви се заблагодаруваме за укажаната можност да дадеме свои мислења и предлози по Нацрт-Правилник за утврдување на локациите до кои операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои реемитуваат програмски сервиси и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни да го испорацат својот сигнал.

Во врска со Нацрт-Правилникот од страна на Стопанската интересна заедица на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ Скопје се предложуваат следниве мислења и предлози:

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси во населени места кои според пописот од 2002 година имаат помалку од 15 000 жители да им биде овозможено доставата на сигналот да се изврши преку PC сервер.Овој сервер би бил инсталиран во просториите на операторот и со користењето на програмата “TeamViewer” или слични алатки ќе биде овозможено непречена контрола на програмските сервиси кои оператерите ги реемитуваат.Операторите би го доставиле ИД бројот и лозинката до надлежните од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со што АВМУ во секое време би имале увид во програмската понуда која оператерите ја нудат на своите корисници.

На Оператерите да им биде овозможено доставата на својот сигнал до локациите определени во Правилникот да го достават преку IP транспорт во Multicast форма.Притоа со транспортот би се овозможило непречено 24/7 симулантно пратење во живо на 2 канали истовремено.На Multicast би биле видливи и кодираните канали во оригинална форма со користење на Матурити пин.

Истотака потребно е да се прецизира што е потребно да се достави од кабловските оператори кои имаат програмски пакети и станици/подстаници во повеќе населени места.

Со предложените технички решенија сметаме дека би се постигнале целите од овој проект поточно доставата на програмскиот пакет и овозможување мониторинг 24/7 на програмките пакети на оператерите.

Со овие предлози би се спечиле несакани дејства кои негативно би се одразиле на работата на оператерите односно би се спречило нивно затварање.

Со почит,
Скопје 27.05.2016год

За СИЗ МК НЕТ

Дејан Јорданов

Столичка интересна заедница на оператори на... МК НЕТ СКОПЈЕ